АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# Статистички извештај за поштенските активности во Р.Македонија 2008



**Скопје, август 2009**

# Содржина

1. Вовед ....................................................................................................3

2. Регулација и либерализација на пазарот ....................................................................3

3. Поштенски услуги....................................................................................................5

4. Поштенски сообраќај ..............................................................................................6

5. Поштенска мрежа....................................................................................................15

6. Вработеност во поштенскиот сектор.........................................................................16

7. Финансиски резултати ............................................................................................17

8. Цени на поштенските услуги....................................................................................18

## 1. Вовед

Агенцијата за пошти на Република Македонија претставува независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги.

Агенцијата за пошти е основана со Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на Р.Македонија бр.9 од 18.01.2008) а започна со работа на 15 јули 2008 година. Таа има својство на правно лице со седиште во Скопје. Агенцијата за пошти обезбедува транспарентност и одговорност во својата работа и воспоставување на силен и ефикасен систем за обезбедување на поштенски услуги.

Мисијата на Агенцијата е регулирање на пазарот на поштенските услуги заради обезбедување конкурентни, високо квалитетни, модерни и пристапни поштенски услуги.

Целите на Агенцијата за пошти кои произлегуваат од мисијата се:

- обезбедување пристап до поштенските услуги за сите корисници на целата територија на Република Македонија
- обезбедување услови за квалитетни поштенски услуги по пристапни цени
- заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги,
- промовирање ефикасност и конкуренција помеѓу давателите на поштенските услуги
- потикнување и воведување на нови услуги за поквалитетен живот и развој на економијата со обезбедување на услови за нови инвестиции.

Агенцијата за пошти е надлежна за обезбедување на универзална поштенска услуга; за следење на обезбедувањето на универзална поштенска услуга, за почитување на правилата за конкуренција, за формирање на цени и контрола на трошоците за обезбедување на универзална поштенска услуга , за издавање на дозволи и одобренија за обезбедување на поштенските услуги, за мониторинг врз поштенскиот пазар, како и за почитување на одредбите на Законот за поштенски услуги и прописите донесени врз основа на овој закон.

## 2. Регулација и либерализација на пазарот

Пазарот на поштенски услуги во Република Македонија постои во рамките на либерализациониот режим предвиден со Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008). Од 1-ви Јануари 2009, операторот кој обезбедува УПУ, го задржува ексклузивното право за обезбедување на резервирани поштенски услуги до 50 грама. Во резервирана поштенска услуга спаѓаат услугата директна пошта, во рамките на истите ограничувања за тежина и цена и препорачаните и вредносните поштенски услуги, во рамките на истите ограничувања за тежина и цена.

Крајниот рок за целосна либерализација на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија е определен со Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008) и согласно тоа почнувајќи од 1 јануари 2012, веќе нема да се обезбедува резервирана поштенска услуга, т.е. ќе се создадат услови за целосна либерализација на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија.

Ваквата динамика на либерализација соодветствува на трендот кој што е присутен во легислативата на најголемиот дел од членките на ЕУ. Целосната либерализација на пазарот на поштенски услуги треба да биде комплетирање на долгиот реформски процес на пазарот кој треба да резултира со поквалитетни услуги за потрошувачите и да создаде услови за натамошен развој на пазарот и целосно искористување на потенцијалот што тој пазар го нуди.

Агенцијата за пошти на планот на регулација на пазарот на поштенски услуги во текот на 2008 година, пристапи кон обработка на барањата за добивање на *одобренија за вршење на поштенски услуги на слободниот пазар* и обработка на барањето за добивање на *индивидуална дозвола за обезбедување на универзална поштенска услуга*.

Подносителот на барањето АД „Македонска пошта“, во целост ги исполни условите за добивање на индивидуална дозвола, предвидени во Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008), врз основа на што Агенцијата за пошти издаде *индивидуална дозвола за обезбедување на универзална поштенска услуга* на АД „Македонска пошта“.

Седум компании ги исполнуваат условите за добивање на Одобрение за обезбедување на поштенски услуги кои се вршат на слободен пазар. Агенцијата за пошти на тие седум компании им издаде Одобрение за обезбедување на поштенски услуги кои се вршат на слободен пазар. (Табела 1.)

Табела 1.
Листа на компании на кои во 2008 им е издадено одобрение за обезбедување на поштенски услуги на слободен пазар

| |
|---|
| ➢ ***Диливери експрес ДОО Скопје*** **- *датум на издавање дозвола 12.12.2008*** |
| ➢ ***Глобко логистик ДОО Скопје*** **- *датум на издавање дозвола 12.12.2008*** |
| ➢ ***Карго Експрес ДООЕЛ увоз- извоз Битола*** **- *датум на издавање дозвола 12.12.2008*** |
| ➢ ***ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје*** **- *датум на издавање дозвола 12.12.2008*** |
| ➢ ***ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје*** **- *датум на издавање дозвола 12.12.2008*** |
| ➢ ***БИЈАН ШПЕД ДООЕЛ Скопје*** **– *датум на издавање дозвола 12.12.2008*** |
| ➢ ***РСЕ ОПТИМА Вите ДООЕЛ увоз-извоз Скопје*** **- *датум на издавање дозвола 12.12.2008*** |

Во согласност со законски определената динамика на укинување на резервираните поштенски услуги, имателите на овие одобренија, започнувајќи од 01.01.2009 имаат можност за нудење на поштенски услуги за пратките над 50 грама, што е во согласност со целите на Законот за поштенски услуги и Стратегијата за развој на поштенските услуги во РМ, за овозможување на конкуренција во областа на поштенските услуги и следење на трендот на глобализација и либерализација на поштенскиот пазар.

Табела 2.

| **БРОЈ НА КОМПАНИИ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ** | 8 |
|---|---|
| Компании за обезбедување на универзална услуга | / |
| Компании за обезбедување на поштенски услуги врз основа на Индивидуална дозвола | 1 |
| Компании за обезбедување на поштенски услуги врз основа на Стандардна дозвола | / |
| Компании за обезбедување на поштенски услуги врз основа на Одобрение | 7 |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*

## 3. Поштенски услуги

Дефинирање на одделни поими од **Законот за поштенски услуги**

- **универзална поштенска услуга** е минимален обем на поштенски услуги кои постојано се обезбедуваат на целата територија на Република Македонија, со определен квалитет и по пристапни цени за корисниците на услугата.Универзалната поштенска услуга ги вклучува како минимум следниве поштенски услуги:
  - прием,пренос,сортирање и достава на писмоносни пратки со тежина до 2 кг;
  - прием,пренос,сортирање и достава на пакети со тежина до 20 кг;
  - поштенски и телематски парични упатници;
  - книжени услуги и услуги со означена вредност и
  - прием и дитрибуција на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид.

- **резервирани поштенски услуги** се дел од универзалната поштенска услуга резервирани за давателот на универзалната поштенска услуга за определен период;

- **поштенски услуги** се услуги кои вклучуваат прием, сортирање,пренос и достава на поштенски пратки во внатрешниот или меѓународниот поштенски сообраќај;

- **<u>поштенска пратка</u>** е пратка адресирана со полна адреса која треба да се пренесе од страна на давател на универзалната поштенска услуга. Во поштенски пратки спаѓаат писмоносни пратки, книги, каталози, весници, списанија и поштенски пакети кои содржат стока со или без означена вредност;

- **<u>обични поштенски пратки</u>** се писма, поштенски картички, печатени работи, секограми, мали пакети и друго;
- **<u>книжени поштенски пратки</u>** се препорачани писмоносни поштенски пратки, вредносни поштенски пратки, пакети, поштенски парични упатници и телематски парични упатници;

- **<u>мал пакет</u>** е отворена поштенска пратка која не содржи писмено соопштение со тежина до 2 кг;

- **<u>писмоносна пратка</u>** е пратка која содржи писмена порака во затворен плик која треба да се пренесе и достави на адресата означена на самата пратка или на нејзината обвивка;

- **<u>експресна услуга</u>** е најбрза поштенска услуга која има предност над другите поштенски пратки и над ограничувањата во цените утврдени за резервираната област;

- **<u>печатени работи</u>** се целосно или делумно отворени поштенски пратки или пратки спакувани во провидна обвивка кои содржат книги, каталози, весници и периодични списанија;

- **<u>директна пошта</u>** се пратки кои се состојат само од рекламен, маркетиншки или пропаганден материјал со идентична порака, со исклучок на името, адресата и другите податоци за идентификација на примачот, како и на други променливи елементи кои не ја менуваат природата на пораката, а се испраќа на поголем број лица и треба да се достави на адресата што ја означил испраќачот на самата пратка или врз нејзината обвивка.Сметките, фактурите и финансиските извештаи кои овозможуваат финансиска операција не се сметаат за директна пошта.

- **<u>пакет</u>** е поштенска пратка со определена големина и тежина;

## 4. Поштенски сообраќај

Во 2008, вкупниот број на писмоносните услуги кои ги оствариле компаниите (давателите на поштенски услуги) изнесува 37.606.742 (Табела 2.).Бројот на остварени писмоносни услуги кај Давателот на поштенски услуги врз основа на Индивидуална дозвола *АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта,,*(во понатамошен текст Давател на УПУ) е значително поголем за разлика од останатите седум Даватели на поштенски услуги на слободен пазар.Во овој збир спаѓаат и обичните пакети кои Давателот на УПУ ги остварил 258.029, додека останатите седум Даватели на поштенски услуги на слободен пазар оствариле 1168 обични пакети.За останатите услуги кои спаѓаат во писмоносни услуги не може да се направи компарација поради недостиг на податоци кај некои од Давателите на поштенски услуги.

Табела 2.
Податоци за вкупниот поштенски сообраќај

| **Вкупен поштенски сообраќај** | 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Единица (обем) | Компанија која врши поштенски сообраќај врз основа на Индивидуална дозвола | Компании кои вршат поштенски сообраќај врз основа на Одобрение | Вкупно |
| Писмоносни услуги, вкупно | број | 37421852 | 191490 | 37613742 |
| Писмоносни услуги( резервирана област) | број | Нема податок | Нема податок | 0 |
| Мали пакети | број | 44919 | 2000 | 46919 |
| СЕР услуги, вкупно (курирски услуги, експресни услуги, Пакетски услуги над 20кг) | број | Нема податок | 182540 | 182540 |
| Обични пакети | број | 258029 | 1168 | 259197 |
| Неадресрани пратки | број | Нема податок | Нема податок | 0 |
| Други поштесњки и поврзани услуги | број | 18387065 | 1182 | 18388247 |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*



Со помош на податоците со кои располага Светскиот Поштенски Сојуз (UPU) за обемот на поштенските услуги остварен од АД „Македонска пошта“ за периодот 2003-2007 и најновите податоци за 2008 добиени од Давателот на УПУ направивме графички приказ (График 1.) каде се согледува варијацијата на обемот на петте категории поштенски услуги.Убедливо најголем раст се согледува во обемот на печатените работи (книги,весници,списанија), по кои следи директната пошта која е со значително повисока застапенот за разлика од 2003 година.Препорачаната пошта е позастапена во 2008 за разлика од 2006 каде бележи најнизок обем, но нејзиниот обем е највисок во 2003 каде бројот на препорачана пошта изнесува 4,388,470 пратки.Обемот на писмата со означена вредност е со релативно низок процент на варијација, додека пак обемот на поштенската услуга пакет од година во година бележи раст на нејзина употреба.

График 1.
Преглед на обем на поштенски услуги за период 2003-2008




*Извор: Статистички податоци преземени од Светскиот Поштенски Сојуз (UPU)/2003-2007, Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ / 2008*

Вкупниот број на писмоносна пошта, во која спаѓаат обичните писма и поштенски картички,директната пошта,препорачаната пошта,писмата со означена вредност и другите писмоносни пратки кои во 2008 ги остварил Давателот на УПУ изнесува 37.421.854.Од овој збир 27.469.105 се обични писма и поштенски картички, 1.165.676 директна пошта, 4.446.110 препорачана пошта, 355.509 писма со означена вредност и 3.985.454 остварени други писмоносни пратки (Табела 3).

Табела 3.
Анализа на писмоносна пошта

| **Анализа на писмоносна пошта** | 2008 | |
|---|---|---|
| | Единица (обем) | Компанија која врши поштенски сообраќај врз основа на Индивидуална дозвола – АД Македонска пошта |
| Обични писма и поштенски картички | број | 27469103 |
| Директна пошта | број | 1165676 |
| Препорачана пошта | број | 4446110 |
| Писма со означена вредност | број | 355509 |
| Други писмоносни пратки | број | 3985454 |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*

**Анализа на писмоносна пошта**




Во Графикот 2 е претставен бројот на пратки по глава на жител во Р.Македонија остварен од страна на АД „Македонска пошта“, мерен во периодот 2003-2008 година, каде се согледува зголемување на бројот на пратки 2003-2004,потоа во 2005 се бележи намалување на бројот на пратки по глава на жител, за да во 2008 бројот на пратки биде забележително зголемен од 22.92 во 2003 на 27.69 во 2008 година.За 2007 нема податок.

График 2.
Број на пратки во Р.Македонија по глава на жител




*Извор: Статистички податоци преземени од Светскиот Поштенски Сојуз (UPU)/2003-2007, Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ / 2008*

| АД „Македонска пошта“ Давател на УПУ | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на пратки по глава на жител | 22.92 | 24.20 | 23.97 | 25.09 | / | 27.69 |

Во соработка со АД „Македонска пошта“, односно според извештаите за обемот и структурата на поштенските услуги согласно Номенклатурата за универзална поштенска услуга, Агенцијата за пошти изготви графички приказ на Прегледот на обемот од септември до декември 2008 година во АД „Македонска пошта“ – Скопје и подружници.

Графикот 2 го прикажува вкупниот обем на поштенски услуги по подружници остварени во 2008 во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај во рамките на Давателот на УПУ. Во продолжение следат и графиците 3 и 4 кои го искажуваат одделно обемот и видот на поштенски услуги по подружници во внатрешниот и обемот и видот на поштенски услуги по подружници во меѓународниот сообраќај

График 2.
Преглед на **обемот** на поштенските услуги по подружници во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај за 2008 - АД „Македонска пошта“




*Извор: Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ (година 2008)*

График 3.

Преглед на **обемот и видот** на поштенските услуги по подружници во **внатрешниот** поштенски сообраќај за 2008 - АД „Македонска пошта“




*Извор: Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ (година 2008)*

График 4.

Преглед на **обемот и видот** на поштенските услуги по подружници во **меѓународен** поштенски сообраќај за 2008 - АД „Македонска пошта“




*Извор: Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ (година 2008)*

Обемот на писма во внатрешен сообраќај остварен од Давателот на УПУ во внатрешен сообраќај изнесува 29.894.204 писма.Најголем број на писма остварени се во подружниците Скопје 1 и Скопје 2 по кои следи Битола (График 5.)

Под поштенската пратка “писмо“ спаѓаат три категории писма и тоа обични,препорачани и вредносни.Со помош на дадените податоци од АД Македонска пошта, направен е графички приказ кој го покажува обемот на обичните,препорачаните и вредносните писма во внатрешниот и меѓународниот сообраќај.Овие податоци го покажуваат годишниот обем ( 2008 ) на писма (обични,препорачани и вредносни ) остварени во сите подружници на Давателот на УПУ.

График 5.
Обем на писма во внатрешен сообраќај




*Извор: Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ (година 2008)*

График 6.
Обем и вид на поштенската услуга „ **писмо**“во **внатрешниот** поштенски сообраќај за 2008
АД „Македонска пошта“




*Извор: Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ (година 2008)*

График 7.
Обем и вид на поштенската услуга „ **писмо**“во **надворешниот** поштенски сообраќај за 2008
АД „Македонска пошта“




*Извор: Статистички податоци на АД „Македонска пошта“ (година 2008)*

# 5. Поштенска мрежа

## ➢ Точки на пристап

Точките на пристап кои ја покриваат поштенската мрежа на Давателите на УПУ се распоредени на единици на поштенска мрежа со целосно работно време кои ги обавуваат сите поштенски услуги,единици на поштенска мрежа со скратено работно време кои обавуваат одредени поштенски услуги,подвижни поштенски единици,поштенски сандачиња,поштенски фахови и места каде можат да се купат само поштенски марки.Во табелата 4. е искажан бројот на точки на пристап кај Давателот на УПУ и бројот на точки на пристап со кој располагаат останатите седум  Даватели на поштенски услуги на слободен пазар, каде се воочува дека бројот на точки на пристап е далеку поголем кај Давателот на УПУ, што е и очекувано заради обемот на распространетост кои го опфаќаат.Разликата се согледува во делот на подвижните поштенски единици кои останатите седум Даватели ги нудат за разлика од Давателот на УПУ кој не располага со ваков вид на поштенска единица, додека пак недостатокот на точки на пристап кај Давателите на поштенски услуги  на слободен пазар се јавува со нераполагање на поштенски сандачиња и поштенски фахови.Вкупниот број на точки на пристап кои ги покрива Давателот на УПУ изнесува 8.647, додека пак останатите Даватели располагаат со вкупно 45 точки на пристап (Табела 4.)

( Табела 4.)

| **Точки на пристап** | АД „Македонска пошта“ | Даватели на поштенски услуги на слободен пазар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Единици на поштенска мрежа | 322 | 45 | 367 |
| • *Единици на поштенска мрежа со целосно работно време и се обавуваат сите поштенски услуги* | 226 | 33 | 259 |
| • *Единици на поштенска мрежа со скратено работно времеи се обавуваат само одредени поштенски услуги* | 96 | 6 | 102 |
| • *Подвижни поштенски единици* | 0 | 6 | 6 |
| Поштенски сандачиња | 504 | 0 | 504 |
| Поштенски фахови | 7.818 | 0 | 7.818 |
| Места каде што можат да се купат само поштенски марки | 3 | 0 | 3 |
| **Вкупен број на точки на пристап** | 8.647 | 44 | 8.691 |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*

## 6. Вработеност во поштенскиот сектор

Бројот на вработени во поштенскиот сектор односно кај давателите на УПУ изнесува 2285 вработени,додека бројот на вработени кај останатите седум даватели на поштенски услуги на слободен пазар изнесува 186. Бројката на вработеност во АД „Македонска пошта“ во 2003 изнесувала 2.245, за да во 2007го достигне бројот на 2.310 вработени.Во 2008 таа изнесува 2.285 (График 10.)

График 9.
Број на вработени кај давателите на поштенки услуги




*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*

| Вработени | |
|---|---|
| Вкупен број вработени кај дaвателот на УПУ | 2285 |
| Вкупен број на вработени кај давателите на поштенски услуги на слободен пазар | 186 |
| Вкупен број на вработени | 2471 |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*

График 10.
Број на вработени во АД ,,Македонска пошта``
2003-2008 График 10.




## 7. Финансиски резултати

Финансиските резултати кои ги оствариле во 2008 Давателите на УПУ и Давателите на поштенски услуги на слободен пазар се прикажани во следниот График 11.

Финансиски резултати на давателите на поштенски услуги (График 11.)



| Финансиски резултати на давателите на поштенски услуги | | |
|---|---|---|
| | приходи | расходи |
| Даватели на УПУ | 1.297.452.384,00 | 1.337.742.534,00 |
| Даватели на поштенски услуги на слободен пазар | 38.240.298,00 | 38.406.686,00 |
| Вкупен број на средства | 1.335.692.682,00 | 1.376.149.220,00 |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*

## 8. Цени на поштенските услуги

Висината на цените на услугите што ги обезбедува давателот на универзалната поштенска услуга, треба да бидат базирани на трошоците за ефикасно обезбедување на услугите.Цените на поединечните услуги што се опфатени во универзалната пошта мора да бидат еднакви за сите корисници на целата територија на Република Македонија. Цените на УПУ треба да бидат утврдени на недискриминаторска основа и така одредени да не смеат да предизвикуваат ценовно фаворизирање или дефаворизирање на одредена услуга. Давателот на универзалната поштенска услуга е должен пред секоја промена на цените навреме, претходно да побара согласност од Агенцијата.

Цени на поштенски услуги
(Табела 5.)

| **Цени (20г, 1ва класа)** | единица | 2008 | Производи (пр.димензии /формати) |
|---|---|---|---|
| Домашна услуга: Ценовник за стандардно (1ва класа) писмо со тежина под 20г (универзална услуга) | Национална валута | 12,00<br>24,00 | До 20гр<br>До 50гр |
| Меѓу-ЕУ услуга: Ценовник за стандардно (1ва класа) писмо со тежина под 20г (универзална услуга) | Национална валута | / | / |
| Меѓународна услуга: Ценовник за стандардно (1ва класа) писмо со тежина под 20г (универзална услуга) | Национална валута | 36,00<br>73,00 | До 20гр<br>До 100гр |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*

Опис и цена на поштенска услуга
(Табела 6.)

| **Тежина/ ограничување на цена во резервирана област за домашни писмоносни пратки, освен директна пошта** | | 2008 |
|---|---|---|
| Тежина | кг | 50гр |
| Ограничување на цена | Национална валута | 24,00 |
| **Тежина/ ограничување на цена за влезна меѓународна пошта** | | 2008 |
| Тежина | кг | X |
| Ограничување на цена | Национална валута | X |
| **Тежина/ ограничување на цена за излезна меѓународна пошта** | | 2008 |
| Тежина | кг | 50 гр |
| Ограничување на цена | Национална валута | 73,00 |
| **Тежина/ ограничување на цена во резервирана област за директна пошта** | | 2008 |
| Тежина | кг | 50 гр |
| Ограничување на цена | Национална валута | 8,00 |
| Директна пошта: минимум број на пратки со идентична содржина кои се сметаат за директна пошта | број | 1.501 |
| Стандард за успех (стандардни писма- најбрзи услуги) | Работни денови | 5 |
| Стандард за успех (стандардни писма- економска услуга) | Работни денови | 5 |
| Стандард за успех (пакети) | Работни денови | 5 |

*Извор: Статистички податоци на Агенцијата за пошти (година 2008)*